**ПОВИК**

**за финансиска поддршка на локални младински иницијативи**

**проект „ Заедници инклузивни за млади“**

Референтен број: IPA/2021/430-552

спроведуван од: Национален младински совет на Македонија, Фондација за развој на локалната заедница (ФРЛЗ) – Штип, СФЕРА Интернешнал – Битола и Платформа за младинско јакнење ЈЕП – Гостивар

финанасиран од Делегацијата на Европската унија во Скопје преку IPA Civil Society Facility and Media Programme 2020 / EuropeAid/171333/DD/ACT/MK

**Краек рок за аплицирање: 31 август, 2023 година**

Финансирано од Европска Унија
Национален младински совет на Македонија
Фондација за развој на локалната заедница
СФЕРА Интернешнал
yep! Youth Empowerment Platform

СОДРЖИНА

**ЗА ПРОЕКТОТ „ЗАЕДНИЦИ ИНКЛУЗИВНИ ЗА МЛАДИ“ .................... 3**

**ЗА ПОВИКОТ .................... 4**

Приоритети на повикот.................... 5

Видови на апликанти или категории на апликанти подобни за финансиска поддршка.................... 5

Времетраење на предложените пректи/иницијативи.................... 6

Средства .................... 6

Подобни и неподобни активности за добивање на финансиска поддршка .................... 6

Критериуми за избор .................... 8

Поднесување на пријавите.................... 10

**ИНФОРМАТИВНИ СРЕДБИ .................... 12**

**ВРЕМЕНСКА РАМКА.................... 12**

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА НА ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ.................... 13**

**ЗА ПРОЕКТОТ „ЗАЕДНИЦИ ИНКЛУЗИВНИ ЗА МЛАДИ“**

**Главна цел** на проектот е подобрување на локалното владеење преку зголемена инклузивност и општествено влијание на младите во локалниот демократски живот. Клучните засегнати страни се младински граѓански организации, локални младински совети, единици на локална самоуправа и граѓани. Крајни корисници се младите, со посебен фокус на ранливите групи (лица кои живеат во екстремна сиромаштија, ромска етничка заедница, деца, жени, лица со попреченост, ЛГБТИ популација). Проектот е дизајниран со цел да ги вклучи сите млади во општеството, односно да формира инклузивни општества, кои се од клучно значење за демократијата, да издејствува директно влијание на младите врз креирањето и спроведувањето на локалните политики, со цел да им го олесни животот на непривилегираните, односно на причините и последиците од нееднаквоста, вклучително и полот, маргинализацијата и дискриминацијата, како и справувањето со потребите на обесправените и ранливите групи, кои треба да се подржани од локалните заедници.

**Специфични цели се**:

- Да им се помогне на локалните власти во развивањето и спроведувањето на регулативите и политиките преку зајакнување на механизмите за младинско учество;
- Да се изгрдат капацитетите на локалните младински ГО;
- Да се поттикне дијалогот и социјалната кохезија за борба против дискриминацијата и сегрегацијата.

**Очекувани резултати:**

- Зајакнати капацитети на 30 младински организации и неформални групи за социјална инклузија;
- Развиени капацитети на 8 локални младински совети за социјална инклузија;
- Развиена мониторинг матрица за следење на спроведувањето на законот;
- Објавени најмалку 8 мониторинг извештаи за спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политики на регионално ниво;
- Објавен најмалку 1 извештај за спроведување на Законот за младинско учество и младински политики на национално ниво;



Финансирано од Европска Унија
Национален младински совет на Македонија
Фондација за развој на локалната заедница
Сфера Интернешнал
yep! Youth Empowerment Platform

- Изготвени најмалку 20 препораки за унапредување на младинското учество;
- Развиена методологија за индекс на социјална вклученост на младите во локалните политики и институции;
- Објавено истражување за учеството на младите во локалните политики и институции;
- Поддржани најмалку 15 младински иницијативи усогласени со препораките од извештаите од мониторингот и Локалните младински стратегии;
- Антидискриминација;
- Социјална правда (Борба против нееднаквоста);
- Застапување, лобирање и јавни политики.

Планираните активности во рамките на проектот имаат за цел да ја подобрат имплементацијата на локалните услуги предвидени во Законот за младинско учество и младинска политика и да ги зајакнат локалните младински граѓански организации да се залагаат за социјална инклузија, притоа вклучувајќи ги и младите лица со попреченост и младите од ранливите групи во локалната политика и процесите на одлучување, поттикнувајќи ги на волонтерство, младински активизам и младинската работа за заштита на интересите на младите. Проектот ќе придонесе за приближување на РСМ поблиску до интеграција на ЕУ, преку подршка на иновативен и проактивен граѓански активизам, волонтерство за продобрување на локалната власт, со посебен фокус на вклучување на жените и лицата со попреченост.

Проектот го имплементира Националниот младински совет на Македонија во партнерство со Фондација за развој на локалната заедница – Штип, SFERA International Битола и Платформа за младинско јакнење ЈЕП – Гостивар.

**ЗА ПОВИКОТ**

Целта на повикот е да се зголеми вклученоста на младите во процесите на јавни политики и одлучување преку влијателна имплементација на локалните услуги предвидени во Законот за младински политики и младинско учество.

**Приоритети на повикот**

1. Унапредување и воспоставување на механизми за младинско учество и сервиси за млади на локално ниво
2. Креирање на локални младински политики и вклучување на младите во процесите на креирање на јавни политики
3. Зајакнување на капацитетите на надлежните институции и општините за спроведување на одредбите од законот за младинско учество и младински политики
4. Подигнување на свесета кај младите и младинските организации за важноста од имплементација на одредбите на законот за младинско учество и младински политики

Очекувани резултати од подгрантот ќе бидат:

- Идентификувани и решени локални младински проблеми/прашања со користење на пристапот заснован на права;
- Употреба на процесот на креирање јавни политики засновани на докази;
- Зголемена транспарентност на Единиците на Локалната Самоуправа;
- Зголемено вклучување на младите во процесите на одлучување на локално ниво;
- Имплементирани и функционални локални услуги за младинско вклучување и младинско учество.

**Видови на апликанти или категории на апликанти подобни за финансиска поддршка**

Повикот е отворен за сите младински организации, организации за млади и младински чадор организации во Република Северна Македонија.

Со цел да бидат подобни за поддршка во рамките на Програмата за мали грантови, апликантите мора:

- да се младински организации, организации за млади и младински чадор организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации;
- да се регистрирани во Регистарот за младински организации, организации за млади и чадор организации во Агенцијата за млади и спорт согласно законот за Младинско учество и младински политки;



Финансирано од Европска Унија
Национален младински совет на Македонија
Фондација за развој на локалната заедница
СФЕРА Интернешнал
yep! Youth Empowerment Platform

- да се основани најмалку 1 година пред датумот на објавување на повикот;
- да имаат искуство во работа со млади;
- да бидат директно одговорни за подготовката и управувањето со проектот;
- да имаат капацитет за управување, како и потребните професионални компетенции и квалификација за успешно завршување на предложените активности;
- да не фигурираат во кривичната или граѓанската прекршочна евиденцијата како организација и раководство;

  * Секој апликант може да аплицира засебно или во партнерство со младински организации кои ги исполнуваат горенаведените критериуми.

**Врементраење на предложените пректи/иницијативи**

Период на реализација на активностите е од 1 ноември 2023 година до 30 јуни 2024 година (минимум 6 месеци - максимум 8 месеци).

**Средства**

Вкупната сума за овој повик е 112 500 евра. **Минималната сума која може да биде побарана е 5000 евра а максималната сума која може да биде побарана е 7500 евра.**

**Подобни и неподобни активности за добивање на финансиска поддршка**

Листа на видови на активности кои се ***подобни*** за добивање на финансиска поддршка во рамките на овој повик (листата не е сеопфатна):

- Краткорочни активности кои можат да постигнат конкретни и видливи резултати и ефекти во заедницата;
- Активности насочени кон иницирање или овозможување механизми за вклучување на социјално загрозените млади луѓе во процесите на креирање политики;
- Активности кои користат нови комуникациски технологии за зголемување на младинското учество во одлучувањето и креирањето на процеси;

- Активности кои ангажираат и мобилизираат поширока јавност;
- Заеднички настани помеѓу ГО и локалните власти;
- Лобирање и застапување врз основа на докази;
- Активности фокусирани на промени или усвојување на нова локална политика;
- Изработка на документи за политики итн.

Следните видови активности ***не се подобни***:

- Индивидуални спонзорства за учество на работилници, семинари, конференции, конгреси;
- Идивидуални стипендии за студии или курсеви за обука;
- Ретроактивно финансирање за проект кој е веќе спроведен или завршен;
- Проекти за ексклузивна корист на поединци или исклучиво ограничени групи на поединци;
- Проекти за поддршка на политички партии или избори на кандидати;
- Основно финансирање на главниот барател (т.е. кога буџетот е главно за оперативно работење);
- Хуманитарни активности;
- Инфраструктурна реконструкција;
- Дејствија што дискриминираат поединци или групи на луѓе врз основа на нивниот пол, сексуална ориентација, верски убедувања или недостаток од нив или нивното етничко потекло;
- Активности кои спаѓаат во општите активности на надлежните државни институции или службите на државната администрација, вклучувајќи ја и локалната власт.

Следниве категории трошоци ***се прифатливи:***

- Бруто плати (во максимален износ од 30% од вкупната вредност на проектот) ;
- Хонорари за надворешна експертиза;
- Трошоци за транспорт и ноќевања;
- Трошоци за организирање настани (изнајмување сала, опрема, освежување итн.);
- Трошоци за промоција;
- Трошоци кои ќе резултираат со развој и градење на капацитетите кај младите лица;



Финансирано од Европска Унија
Национален младински совет на Македонија
ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА
СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ
yep! YOUTH EMPOWERMENT PLATFORM

**Забелешка:** Усогласување на предложениот буџет ќе претходи на фазата на потпишување на договор со избраните предлог-проекти за доделување на финансиската поддршка. Исплатата ќе биде на база на 80-20, односно 80% од средствата ќе се префрлат по потпишување на договорот, а останатите 20% ќе се префрлат по завршувањето на проектот и по доставувањето на потребните извештаи и документација од страна на добитниците.

Следниве категории трошоци ***не се прифатливи***:

- Трошоци кои не се директно поврзани со проектните активности и не придонесуваат кон целите и резултатите на повикот;
- Härински и увозни давачки или други давачки;
- Купување недвижнини, земјиште или згради;
- Парични казни и трошоци за парнична постапка;
- Долгови и трошоци за сервисирање на долг (камата);
- Трошоци за кофинансирање на проект финансиран од друг проект или програма;
- Трошоци за активности поврзани со религиозни, верски и партиски прашања;
- Финансирање на заостанати долгови на организацијата;
- Загуби поради флуктуација на платежните валути;
- Бонуси за вработените како и хонорари за вработени кои ќе се ангажираат како експерти во склоп на проектот;
- Кредити за трети страни;
- Плати за локална и национална државна администрација;
- Парични казни и трошоци за судски процеси;
- Амортизација;
- Придонеси во натура;
- Трошоците за ДДВ.

**Критериуми за избор**

Сите пристигнати пријави ќе поминат низ првата фаза – административна проверка. Оние пријави кои ја поминале административната проверка ќе бидат евалуирани од  Комисијата за евалуација. Апликациите кои не ги исполнуваат основните технички критеируми ќе бидат одбиени и нема да

бидат евалуирани. Процесот на евалуација и селекција ќе го спроведува Комисија за евалуација, преку индивидуална евалуација и подготовка на листа на бодување.

Поконкретно, следните **критериуми за избор** ќе бидат применети при одлучувањето:

| **АДМИНИСТРАТИВНА ПРОВЕРКА** | **ДА** | **НЕ** |
|---|---|---|
| Апликацијата е доставена во рамките на временскиот рок објавен во повикот | | |
| Апликацијата е уредна и ги содржи сите прилози објавени во повикот | | |
| **Технички пристап** (најмогу 60 поени) | Вкупно бодови | Доделени бодови |
| Релевантност на предложената акција | 30 бодови | |
| Квалитетот на предложените активности | 15 бодови | |
| Активности ориентирани кон резултати | 15 бодови | |
| **Капацитети на апликанот и претходно постигнати резултати** (најмогу 20 поени) | | |
| Административни, финансиски и менаџерски капацитети | 10 бодови | |
| Претходно релевантно искусто и резултати/активности во слични акции | 10 бодови | |
| **Буџет (**најмогу **20 поени)** | | |
| Ефективност на трошоците | 10 бодови | |



Финансирано од Европска Унија
Национален младински совет на Македонија
Фондација за развој на локалната заедница
Сфера Интернешнал
yep! Youth Empowerment Platform

| | | |
|---|---|---|
| Капацитети за финансиско работење | 10 бодови | |

Во текот на процесот на оценување, донаторот може да побара дополнителни информации од подносителот на пријавата за предлог-проектот или за организацијата, коишто смета дека се потребни за завршување на оценувањето. Барањето дополнителни информации не подразбира дека истите ќе бидат или нема да бидат поддржани.

Врз основа на спроведената постапка, Комисијата за евалуација ќе подготви листа на рангирани проекти, вклучувајќи и резервна листа. Највисоко рангираните организации-потенцијални грантисти ќе бидат повикани на поединечни состаноци за понатамошно усогласување на предложениот проект и буџет. Исто така секој грантист ќе биде информиран за назначениот ментор и активностите за градење на капацитетите кои треба да бидат имплеменитрани.

Листата на избраните организации ќе биде објавена на веб страната www.nms.org.mk

Селектираните грантисти, се обврзуваат да доставуваат наративни и финансиски извештаи до Национален младински совет на Македонија, според формат и начин утврден во договорот кој ќе биде склучен. Дополнително, во насока на градење на капацитетите, селектираните грантисти ќе бидат обврзани да присуствуваат на еднодневна обука.

**Поднесување на пријавите**

Пријавата за овој повик се состои од:

**1.** Образецот за пријавување (Анекс 1);

**2.** Образец за предлог – буџет (Анекс 2);

**3.** Логичка рамка ( Log-frame) на проектот (Анекс 3);

**4.** Копија од тековна состојба од Централен регистар не постара од 1 година од датумот на објавување на повикот на апликантот и ко-апликантот/ко-апликантите;

**5.** Копија од решението за регистрација во регистарот на АМС за младински организации, организации за млади и чадор организации, согласно Законот за младинско учество и младински политки на апликантот и ко-апликантот/ко-апликантите;

**6.** Годишен наративен и финансиски извештај за претходната година за апликантот;

**7.** Кратки биографии на персоналот вклучен во проектот.

За целосно поднесена пријава ќе се смета онаа пријава која вклучува целосно пополнет образец за пријавување на проектот (Анекс 1), образец за предлог-буџет (Анекс 2), логичка рамка на проектот (Анекс 3) и сите други потребни погоре наведени документи.

Образецот за пријавување (Анекс 1) треба да биде целосно пополнет. За пополнување на пријавата се користи фонт **Calibri, големина 11**. Пријавата не треба да надминува повеќе од 25 страни. Апликацијата може да се поднесе на македонски или на албански јазик.

Ставките во буџет мора да се поставени во функција на реализација на предвидените активности. Образецот за предлог-буџет ги содржи ставките кои можат да бидат финансирани во рамките на грантовата шема (eligible costs). Трошоците за ДДВ не се признаваат бидејќи проектот е ослободен од ДДВ.

Во соработка со Национален младински совет на Македонија, сите избрани грантисти се обврзани самостојно да спроведат постапка за ослободување од ДДВ по основ на странска донација во Секретеријатот за европски прашања (СЕП) и Управата за јавни приходи (УЈП).

Комплетните пријави мора да бидат поднесени во електронска форма на македонски јазик со овластен потпис и печат во еден примерок. Документите кои имаат печат и потпис се доставуваат скенирани.

**Пријавите се доставуваат најдоцна до 16.00 часот, 31.08.2023 на следната адреса:** grants@nms.org.mk.

Прашања во врска со повикот можат да бидат поставени **исклучиво по писмен пат** на e-mail: grants@nms.org.mk, **најдоцна до 10.08.2023**. Одговорите на поставените прашања на e-mail и прашањата поставени на инфо сесијата ќе бидат објавени на www.nms.org.mk најдоцна до **16.08.2023 година**.



Финансирано од Европска Унија

Национален младински совет на Македонија

ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ

yep! YOUTH EMPOWERMENT PLATFORM

**Нема да се одговара на прашања поставени на профилите на социјалните мрежи на Национален младински совет на Македонија или на прашања поставени на службените телефони на Национален младински совет на Македонија.**

**ИНФОРМАТИВНИ СРЕДБИ**

Национален младински совет на Македонија ќе организира една инфо сесија која ќе се одржи електронски, на платформата ZOOM. Сесијата ќе се одржи на **15.08.2023, со почеток од 12:00 часот**. Сите заинтересирани за сесијата може да се пријават на следниот линк.

**ВРЕМЕНСКА РАМКА**

| | |
|---|---|
| Отварање на повик за доделување на финансиска поддршка | 31.07.2023 |
| Поставување прашања по писмен пат | 10.08.2023 |
| Инфо сесија | 15.08.2023, 12:00 часот |
| Рок за доставување на апликации | 31.08.2023 |
| Административна проверка на пристигнатите апликации | 08.09.2023 |
| Евалуација на апликации кои ја поминале административната проверка | 15.09.2023 |
| Известување до апликантите | 18.09.2023 |
| Потпишување на договори | 25.09.2023 |

Важна напомена: временската рамка може да претрпи промени. Доколку има поместувања во роковите, за истите ќе бидете известени на веб страната на НМСМ: www.nms.org.mk.



Финансирано од Европска Унија
Национален младински совет на Македонија
ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА
СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ
yep! YOUTH EMPOWERMENT PLATFORM

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА НА ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на проект** | | | |
| **Пред испраќање на целосната апликација проверете дали сите долунаведени критериуми се исполнети:** | **Да** | **Не** | **N/A** |
| 1. Точниот образец е употребен за пополнување на апликацијата. | | | |
| 2. Сите полиња се пополнети во апликацијата. | | | |
| 3. Апликацијата е пополнета на соодветен јазик согласно наведениот фонт и проред во јавниот повик. | | | |
| 4. Апликацијата е потпишана од соодветното лице. | | | |
| 5. Буџетот е пополнет соодветно, согласно насоките во јавниот повик. | | | |
| 6. Времетраењето на проектот е соодветно со насоките дадени во повикот. | | | |
| 7. Побараниот буџет за проектот е соодветен со насоките дадени во повикот. | | | |
| 8. Логичката рамка на проектот е целосно и соодветно пополнета. | | | |
| 9. Извадена тековна состојба, не постара од 1 година. | | | |



Финансирано од Европска Унија
Национален младински совет на Македонија
ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА
СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ
yep! YOUTH EMPOWERMENT PLATFORM

| | | | |
|---|---|---|---|
| *( за апликантот и ко-апликантот/ко-апликантите)* | | | |
| 10. Обезбедена е копија од решението за регистрација во регистарот на АМС *( за апликантот и ко-апликантот/ко-апликантите)* | | | |
| 11. Подготвен е годишен наративен извештај за 2022 година за апликантот. | | | |
| 12. Подготвен е годишен финансиски извештај за 2022 година за апликантот. | | | |
| 13. Обезбедени се професионални биографии на сите членови на тимот. | | | |
| 14. Апликантите ги исполнуваат условите наведени во повикот. | | | |



Финансирано од Европска Унија
Национален младински совет на Македонија
ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА
СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ
YEP! YOUTH EMPOWERMENT PLATFORM